РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 1002-281/12
07-05 2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Сектор за урбанизам, заштита на животната средина,*
*комунални работи и отуѓување на градежно земјиште*
*Одделение за урбанизам и заштита на животната средина*

бр. 1002-281/12
од 07.05.2019 год.

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Градоначалникот на Општина Свети Николе го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
по **Предлог планот за УПС Трстеник, КО Трстеник, Општина Свети Николе**

Планскиот опфат за кој се работи предметната урбанистичка документација го опфаќа целиот населен простор.

**- На север** границата минува по северната граница на парцелите КП бр. 1103 и КП бр. 1104, сече локален патен правец и повторно продолжува минувајќи по границите на парцели како и по оската на локален патен правец се до КП 1191.

- **На исток** границата минува по источната граница на парцелата КП 1186, продолжува по оската на локален патен правец, по границата на КП 1216 и други парцели се до КП 1230, минува по оската на локален патен правец се до КП 1309.

- **На југ** границата минува по границите на КП 1309, 1308, 1306, 1307 се до јужната граница на КП 1270.

- **На запад** границата минува по западната страна на КП 1270, 1269, 1259 се до западната граница на КП 1103.

Планскиот опфат е со површина од **9,3 ха.**

Јавната анкета и јавната презентација по Предлог планот за УПС Трстеник, КО Трстеник, Општина Свети Николе, за плански период 2016-2026 година, Општина Свети Николе, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Свети Николе и на јавно место кое се наоѓа во кругот на месната самоуправа.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **15.05.2019** година во **13:00** часот во просториите на Општина Свети Николе.

Јавната анкета ќе трае **пет работни дена** од денот на одржувањето на јавната презентација, односно почнувајќи од **16.05.2019** заклучно со **22.05.2019** година во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

м-р Сашо Велковски